# СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

## MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр.1-4/5, Скопје
(02) 3246- 851/852

Бр. 02-799/3
11.09.2020 година, Скопје

Врз основа на *член 49, став 2 и член 52, ст. 1* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Комисија за продавање/купување деловен простор за потребите на Стоматолошката комора на Македонија, како повремена комисија на Комората, до Извршниот одбор на Комората го доставува следниот

**ПРЕДЛОГ**

Комисија за продавање/купување на деловен простор за потребите на Стоматолошката комора на Македонија одржа неколку состаноци на кои се разговараше за потребата од купување на нов деловен простор во сопственост на Стоматолошката комора на Македонија, а се со цел да се задоволат просторните потреби на Комората.

Од страна на членовите на Комисијата беа разгледани неколку деловни простори во Скопје, а од разгледаните, два деловни простори ги задоволуваат поставените критериуми.

Комисијата му предлага на Извршниот одбор да донесе Одлука за прифаќање на предлогот за купување на нов деловен простор во сопственост на Комората доставен до Комората од Друштво за трговија и услуги Мултибренд ДООЕЛ, со седиште на ул. Теодосиј Синаитски 6-Б, Скопје, согласно Понудата во прилог на овој Предлог.

Деловниот простор беше разгледан од страна на членовите на Комисијата, за што беше составен и Записник и комисијата е со став дека понудениот деловен простор би бил попрактичен и поголем од постоечкиот иќе служи за одржување на состаноци, што во време на Ковид 19 како сегашниот е невозможно поради владините протоколи. Поради тоа комисијата е со мислење дека Комората има потреба за купување на нов, поголем деловен простор, што произлегува од потребата за одржување на состаноци со физичко присуство на поголем број членови на телата и органите на Комората во една просторија, при што ќе се почитуваат мерките и препораките за заштита од Корона вирусот донесени од Комисијата за заразни болести и исто така, се нагласи дека е неопходен поголем простор и за полагање на стручниот испит за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, каде има потреба истовремено да бидат присутни членовите на Комисијата за полагање и кандидатите за полагање, при што ќе се почитуваат препораките и мерките за заштита од заразни болести и дека деловниот простор каде што сега е сместена Комората не е доволен за да ги задоволи потребите, како за полагање на стручниот испит, така и за одржувањето на состаноци на телата и органите на Комората, но и за работа на Стручната служба, со цел во иднина да се избегнат дополнителни трошоци за изнајмување на деловен простор за одржување на состаноци, како и за полагање на стручниот испит, при што економски поисплатливо би било Комората да поседува ваков деловен простор во своја сопственост во ситуација кога веќе Комората располага со доволни средства за таа намена.

Понудениот простор е составен од три просторни единици со вкупна површина од 220 м2 и гаражен простор од 14м2( видно од имотниот лист доставен од од Друштво за трговија и услуги Мултибренд ДООЕЛ, со седиште на ул.Теодосиј Синаитски бр.6-Б, Скопје, кои имаат и заеднички ходник, детално опишан во Понудата во прилог.

М.П.

**Претседател на Комисијата,**
**д-р Мирлинд Селими**